*Република Северна Македонија*
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА***
*Бр.* 05-3088/1
19. 06. 2019 *2019 година*
*Скопје*

*Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година, **по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски** ја донесе следната:*

## *ОДЛУКА*
### *за јавна набавка*

*1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка – постапка од мала вредност за доделување на договор за јавна набавка на услуги и тоа: **набавка на услуга за одржување, сервисирање и поправка на информтичка опрема.***

*1.1.Предмет (вид) на набавка: набавка на услуга за одржување, сервисирање и поправка на информтичка опрема.*

*1.2. Предметот на набавка **е деллив на 3 три дела:***

Дел 1) Одржување, сервисирање и поправка на сервери и мрежна опрема (Core bussines infrastructure);

Дел 2) Одржување, сервисирање и поправка на Lexmark печатари

Дел 3) Одржување, сервисирање и поправка на опрема од различни производители

*2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од 500.000,00 без вклучен ДДВ,** ДДВ 18% во вредност 90.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ **изнесува 590.000,00 денари***

*- За Дел 1 предвидени се средства во износ од 300.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 54.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 354.000,00 денари;*

*- За Дел 2 предвидени се средства во износ од 100.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 18.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 118.000,00 денари и*

*- За Дел 3 предвидени се средства во износ од 100.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 18.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 118.000,00 денари;*

3. За реализација на набавката од точка 2 од оваа одлука обезбедени се средства од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424 – договорни услуги, средства предвидени во буџетот на Министерство за правда за 2019 година.

4. Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка
Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **набавка од мала вредност**, за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која завршува со електронска аукција како последна фаза.

5. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН.**

6.Плаќањето на предметот на набавка ќе се изврши вирмански со доставување на фактура во законски утврдениот рок во архивата на Министерство за правда. Не е предвидено авансно плаќање за реализација на овој тип на набавка.

7. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на услуги.
8. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:

1. Ацо Живковски - претседател на комисија за јавни набавки
2. Даниела Трпевска–член на комисија за јавни набавки
3. Катерина Мишковска – член на комисија за јавни набавки
4. Петар Мирковиќ - заменик претседател на комисија за јавни набавки
5. Михајло Војтикив – заменик член на комисија за јавни набавки
6. Насер Ќамили – заменик член на комисија за јавни набавки

9. Се задолжува комисијата од точка 8 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.
10. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

11. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

*ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

*Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-692/1 од 28.01.2019 година и Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Предмет на набавка е набавка на услуга за одржување, сервисирање и поправка на информатичка опрема.*

*Предметот на набавка е деллив на три дела:*

*Дел 1) Одржување, сервисирање и поправка на сервери и мрежна опрема (Core bussines infrastructure);*

*Дел 2) Одржување, сервисирање и поправка на Lexmark печатари*

*Дел 3) Одржување, сервисирање и поправка на опрема од различни производители*

*За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 500.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 590.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 590.000,00 денари*

*За Дел 1 предвидени се средства во износ од 300.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 54.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 354.000,00 денари;*

*За Дел 2 предвидени се средства во износ од 100.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 18.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 118.000,00 денари и*

*За Дел 3 предвидени се средства во износ од 100.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 18.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 118.000,00 денари;*

*Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.*

*Доставено до:*
- *Комисија за јавни набавки*
- *Сектор за финансиски прашања*

*МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*

*По овластување на Министер за правда*
*Заменик Министер*
*Оливер Ристовски*

*Подготвил: Марина Миновска, Советник*
*Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение*
*Лице за превземање на финансиски обврски: Радица Лазаревска Геровска*